# СОНЧЕВОТО МОМЧЕ ИЛ

Долгобрадиот старец Арно, секое утро низ прозорецот на неговата мала колиба ги набљудуваше неговите бескрајни полиња насадени со сончогледи. Им се восхитуваше на убавината и секогаш помислуваше дека тие се златен килим кој природата го ткаеше со семките кои тој секоја пролет како сончева прашина ги расфрлаше со помош на ветерот.

Безбројните сончогледови цветови секое утро во знак на благодарност, уште пред да се појави денот се вртеа и гледаа на кај малата колиба, кон прозорецот од каде светкаа две сафирни очи кои ги поздравуваа.

Но, едно утро Арно остана со подзината уста, кога забележа дека сончогледите се свртени наопаку. Веднаш излезе надвор, но силен детски плач кој доаѓаше од насред поле, му го одвлече вниманието. Всушност сите сончогледови цветови ги беа свртиле своите глави кон местото од каде што доаѓаше плачот. Кога старецот зачекори низ сончогледите, тие почнаа да се оттргнуваат еден од друг и да му го покажуваат патот.

Во очите на стрецот се појавија искри, а лицето му го облеа прекрасна насмевка кога пред него блесна златнокосо бебенце, кое веднаш штом го виде старецот прекина да плаче и ги подаде рацете желно за топла прегратка.

Тој со денови се чудеше од  каде се најде ова дете во неговиот посед и чекаше некој да се појави и да го побара, но и месеците минуваа, а златнокосото момче никој не го бараше.

Арно силно го засака момченцето со сончев лик и реши да го чува како свое дете. Му го даде името Ил.

Ил беше пргавао детенце кое најмногу од сé сакаше да си игра со сончогледите, кои го обожуваа. Секогаш кога Ил ќе се појавеше, сончогледите со радост се вртеа кон него и како со раце плуснуваа со своите големи лепливи лисја. Тоа го смееше детето и правеше да скока од радост по што „жолтоглавите“ го имитираа со најсмешни движења.

Годините поминуваа и сé течеше вообичаено, се додека еден ден пред вратата од колибата не се појави една ситна старица со изнемоштено лице. Таа откако го поздрави зачудениот Арно, испитувачки нестрпливо шараше со погледот низ колибата и само што сакаше да прозбори, малиот Ил ненадејно скокна од еден ќуп полн со сончогледови семки и весело и насмеано се појави пред лицето на старицата, која го поздрави со гласна насмевка која ја исполни просторијата со љубов. Таа се воодушеви од детето кое во собата сјаеше како мало сонце.

Старицата раскажуваше дека доаѓа од кралството на кралот Лаг, кое некогаш било „кралство на радост“, а сега е претворено во „кралство на темнина“, место зад девет планини каде никогаш  сончев зрак не огрева. Таму со векови владеел кралот Лаг, кој од желба да стане бесмртен се здружил со темни сили. Темните сили го претвориле срцето на кралот во камен, по што тој станал суров и злобен. Мајката на кралот Лаг која неможела да ја поднесе суровоста на својот син и која несакала да подклекне на темнината, на смртната постела му прорекла на Лаг дека ќе дојде ден кога ќе биде победен од едно златнокосо момче, кое ќе ја врати светлината во кралството.

Седнати пред веќе згаснатиот оган, Арно го погледна Ил кој веќе спиеше, а срцето му се стегна: „Дали ова дете е тоа од пророштвото?“ праша замислено и исплашено.

Старицата со чудни искри во очите продлжи: „Незнам .., но ова е мојот внук кој кога се роди со златна коса и ѕвездести очи,  знаев дека мора да го спасам и ете успеав да го скријам и да го донесам до твоите полиња.“

Старицата топло го погали за златните прамења и го фати за рака Ил кој мирно спиеше на креветот до неа, додека бисерни солзи се ронеа по нејзиното лице.

„Ти благодарам што го чуваше...мајка му ќе се израдува..,“ Рече старицата и со бескрајна благодарност кон Арно си замина.

Арно ја затвори вратата позади старицата која исчезна во мракот и остана така скаменет да стои и да размислува за сѐ што слушна, размислуваше... „Ил освен што имаше моќ на некој волшебен начин да управува со сончогледите, ниту  знаеше и ниту сакаше да ракува со оружје...“

Поминаа точно девет години кога истата старица повторно дојде во колибата. Тогаш Ил, веќе зрело и љубопитно момче, скришум успеа да слушне за кралството на темнината и за трагичната судбина на ќерката на оваа старица.

Овие зборови го измачуваа Ил, постоењето на мрачно кралство, трагичната судбина на ќерката на старицата... сето тоа не му даваше спокој. Некоја тага се вгнезди во чистото срце на Ил.

По неке време, тој донесе одлука дека мора да го посети тоа „кралство на темнината“.

Длабоко во ноќта додека Арно цврсто спиеше, тој крадешкум излезе од колибата и се упати кон планините. Сончогледите се затресоа и како да се вознемирија кога почувствуваа дека Ил ќе се одалечи. Тогаш навидум беспомошни, сите сончогледови цветови како да се договорија и во еден момент со магична сила ги пораснаа своите корења и ги сплетија во еден голем корен кој како змеј почна без

престан да се издолжува, да ја распукува земјата и тајно да го следи момчето кое одеше со денови.

Кога се доближи до царството на Лаг каде сите беа научени да живеат во мрак тој со светлината која зрачеше предизвика огромно внимание. Луѓето воодушевени се доближуваа да го видат блескавото момче. Меѓу насобраните луѓе беше и старицата која кога го здогледа својот внук, исплашено преку главата му го наметна нејзиниот долг шал и го затскри, но во наредниот миг двајца стражари на Лаг го зграпчија и го фрлија момчето пред нозете на намуртениот крал, кој се заслепуваше од светлината и се лутеше.

Ил се исправи пред Лаг кој во раката држеше црн меч украсен со црни скапоцени камења.

Лаг предизвикан од тоа што го гледа само со поглед го прострела иплашеното момче кое сѐуште не знаеше со кој се соочува. Но, во тој миг , неочекувано земјата се распука и еден сончогледов огромен корен се појави и го гушна телото на Ил кој за момент ја почувствува заштитата од своите пријатели. Без престан никнуваа нови корења кои ги заробуваа стражарите. Само Лаг сѐуште стоеше слободен и гледаше во златната коса пред него и додека во неговите уши одзвонуваше пророштвото, во неговото срце од камен гореше желба да го уништи ова момче. Тогаш без било што да каже, згрми и силно замавна со мечот, но наеднаш нешто силно му ја зграпчи раката, толку силно, што дури му го свитка мечот кој наместо во срцето на Ил заврши во неговото камено срце. Земјата се стресе а злобниот Лаг се претвори во прашина која се расеа низ воздухот, а каменото срце од светлината на Ил се претвори во пепел.

Коренот кој го уништи Лаг повторно го прегрна златнокосото момче чија светлина сега како да почна да расте и да станува уште поголема. Зад планината се појавија и сончевите зраци, а насекаде од корењата почнаа да растат и расцутуваат сончогледови цветови. Ова го израдува Ил, а луѓето кои конечно ослободени од темнината и ја почувствуваа убавината на сонцето, во еден глас со радост извикаа: „Да живее сончевото момче!“

Ил со сето свое срце се радуваше и додека неговата баба силно го гушкаше, тој во далечината ги здогледа двете познати сафирни очи на Арно, кои со гордост го гледаа и му го топлеа срцето.

Автор

Данаилова Катерина